Funded by the European Union

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS WESTERN BALKANS

Reform Monitor

# ПРЕПОРАКИ ОД ТРЕТИОТ СОСТАНОК НА НАЦИОНАЛНИОТ КОНСУЛТАТИВЕН МЕХАНИЗАМ ЗА РЕФОРМСКАТА АГЕНДА (НКМ-РА)[1]

***Преглед на напредокот на „половина пат“***

Препораките произлегуваат од паралелните дискусии во рамките на **Третиот состанок на НКМ-РА** кој се одржа на 14.05.2026 г. во хибриден формат, со учесници присутни во Клубот на пратеници во Скопје и онлајн. Овој состанок претставува клучна точка за евалуација на досегашните реформски чекори и координација помеѓу државните институции и граѓанското општество, а е во организација на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје и Министерството за европски прашања (МЕП). Состанокот е активност која е дел од регионалниот проект „Следење реформи и раст во Западен Балкан“ (WB Reform and Growth Monitor), што го спроведува ЕПИ во партнерство со членките на мрежата „Мисли за Европа“ (Think for Europe Network – TEN) и Транспаренси Интернешнл Босна и Херцеговина. Проектот е финансиран од Европската унија и кофинансиран од Фондацијата Отворено Општество-Западен Балкан.

Препораките се засноваат на клучни наоди и предизвици идентификувани од учесниците на состанокот, организирани во следните приоритетни области како дел од Реформската агенда 2024-2027:

- Развој на приватниот сектор и деловното опкружување/Човечки капитал
- Дигитална трансформација/Енергетска транзиција
- Фундаментални вредности и владеење на правото.

[1] НКМ-РА е, мултисекторски механизам воспоставен како национална платформа за структуриран, транспарентен и инклузивен дијалог. Механизмот обединува над 150 граѓанските организации, претставници на академската заедница и стопанските комори. Неговата цел е да овозможи следење засновано на докази на спроведувањето на Реформската агенда на Северна Македонија, која е централен дел од Инструментот за реформи и раст на Европската Унија за Западен Балкан.

TEN Think for Europe Network | European Policy Institute Skopje | European Policy Centre | institut alternativa | Institute for Democracy and Mediation IDM | Transparency International Bosnia and Herzegovina | Group for Legal and Political Studies

Препораките се насочени кон подобрување на транспарентноста, навремено информирање, суштинско вклучување на засегнатите страни, подобра меѓуинституционална координација и зајакнување на капацитетите, како и премин од формално исполнување на реформите кон нивна примена.

Целта на препораките е да придонесат кон поефикасно, поотворено и поодговорно спроведување на реформите, со фокус на конкретни резултати и доближување на процесот на спроведување на реформите за пошироката јавност и засегнатите чинители.

**Препораки за област: Развој на приватниот сектор и деловното опкружување**

1. Покрај формалното исполнување, надлежните институции да го следат реалниот ефект од реформите, преку прибирање на повратни информации од стопанските комори, малите и средните претпријатија, локалните власти, граѓанскиот сектор и други засегнати страни за прашања поврзани со ефект врз намалување на трошоците, административните бариери и временската рамка.

2. Министерството за економија и труд да ја унапреди ефикасноста на административните постапки преку поедноставување и дигитализација, особено преку зајакнување на интероперабилноста на системите и користењето на податоци, размена и користење на веќе достапни податоци, со цел да се намали товарот врз компаниите и да се обезбедат побрзи и поквалитетни услуги. При изборот и поедноставувањето на административните постапки треба да се земат предвид корупциските ризици, со цел нивно намалување. Кај лиценците и дозволите, потребна е претходна проценка дали постапката е поврзана со јавната безбедност, здравјето или животот на граѓаните, за поедноставувањето да не доведе до намалена контрола во ризични области.

3. Инспекциските служби, особено трудовиот и пазарниот инспекторат, треба да се насочат кон сектори со најголем ризик од неформална економија со редовно следење на состојбата и јасни мерки за зајакнување на фер конкуренција и подобрување на деловното опкружување. Потребно е целосно спроведување на

Стратегијата за формализирање на неформална економија 2023-2027 за обезбедување значајни резултати во оваа област.

4. Министерството за економија и труд да воспостави и редовно одржува целосен и јавно достапен регистар на компании во државна сопственост и јавни претпријатија на централно и локално ниво. Регистарот треба да ги следи добрите примери од регионот, и да содржи податоци за сопственоста, финансиската состојба и резултатите, управувањето и јавната функција на секое претпријатие.

5. Законот за јавни претпријатија и трговски друштва во сопственост или со учество на Република Северна Македонија треба да креира рамка со која се штити улогата на компаниите во државна сопственост и јавните претпријатија кои вршат и управуваат со јавни услуги и добра. Законот треба да обезбеди поширок систем на контрола при носење одлуки за трансформација, приватизација или управување со државен капитал и проценка на економските и социјалните последици од овие одлуки. Законот не треба да се користи како изговор за приватизација на јавни и државни компании чии резултати се ценат како незадоволителни, меѓу други причини, поради лошо управување и негативни финансиски резултати.

6. Развојната банка, Министерството за финансии и другите надлежни институции да продолжат со имплементација, унапредување и промоција на кредитно-гарантните шеми со посебен фокус на малите и средните компании, и старт-апите, како и користење на нематеријални средства како гаранција за кредити.

**Препораки за област: Човечки капитал**

1. Министерството за образование и наука да ја спроведе новата формула за финансирање на основното и средното образование. Неопходно е да се следат резултатите од примената на новата формула во насока на правична и ефективна распределба на средствата и ефектите од оптимизација на училишната мрежа во однос на квалитетот на наставата и интересот на учениците.

2. Министерството за образование и наука да го поддржи процесот на дигитализација во образованието преку континуирани обуки за наставниците и

професорите за користење на „смарт“ училници и примена на дигитални алатки кои директно го подобруваат квалитетот на наставата. Особено внимание да се обрне на градење на капацитетите и вештините на образовниот кадар за превенција и борба против врсничко насилство и говор на омраза на интернет кај младите.

**Препораки за области: Дигитална трансформација/Енергетска транзиција**

1. Министерството за дигитална трансформација и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да ја зајакнат транспарентноста на реформските процеси преку редовно и проактивно објавување на нацрт-закони, работни материјали, извештаи и заклучоци од консултации со цел јавноста навремено да има пристап до релевантни информации. Дополнително, институциите треба да објавуваат календар на планирани консултации и јавни расправи, со цел засегнатите страни навремено да можат да се вклучат во процесот.

2. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, и Министерството за животна средина и просторно планирање заедно со останатите надлежни институции да го заокружат процесот на усвојување на регулативата поврзана со климатска акција преку отворен и инклузивен дијалог со експертите, граѓанските организации, приватниот сектор и единиците на локалната самоуправа, со цел да се воспостави јасна и стабилна рамка за реформите во областа на енергетиката и климата при што ќе се обезбеди усогласеност со обврските од законодавството на ЕУ и Енергетската заедница.

3. Министерството за дигитална трансформација и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини редовно, јасно и разбирливо да ја информираат јавноста за исполнетите, задоцнетите и следните активности поврзани со исполнувањето на реформските чекори во овие области со цел да се зголеми довербата и да се овозможи поефективно следење од граѓанскиот сектор, вклучително и преку објавување периодични извештаи за напредокот во исполнувањето на реформските чекори.

4. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини заедно со останатите надлежни институции проактивно да ги следат реформските чекори кои

се во грејс период или се блиску до истекување преку јасни планови, рокови и дефинирани улоги, навремено и суштинско вклучување на засегнатите чинители со цел обезбедување на континуитет и сеопфатен консултативен процес во исполнувањето на реформските обврски. Ова треба да вклучи и идентификација и јавно објавување на ризиците кои можат да доведат до доцнење во исполнувањето на реформските обврски.

5. Министерството за дигитална трансформација и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да ја зајакнат административната подготвеност за известување за реформските чекори во меѓусебната комуникација со Европската комисија и Енергетската заедница, преку навремено доставување целосна документација и разјаснување на (дополнителните) барања и редовната размена на информации во процесот на известување за исполнувањето на мерките.

6. Советот за праведна транзиција да ја зајакне транспарентноста и инклузивноста во процесот преку редовно објавување записници, заклучоци, извештаи и индикатори, како и преку активно вклучување на граѓанските организации и експертите. Покрај објавувањето, записниците, заклучоците и одлуките треба систематски да се споделуваат и со единиците на локалната самоуправа, особено со општините кои се директно засегнати од процесот на праведна транзиција. Советот треба да објавува и годишни извештаи за напредокот на процесот на праведна транзиција и постигнатите резултати.

7. Надлежните институции да обезбедат редовно информирање и консултации со локалните заедници кои се директно засегнати од процесот на енергетска транзиција, особено во регионите каде што се очекуваат значајни економски и социјални промени, со цел обезбедување праведна и инклузивна транзиција.

8. Во областа на дигиталната трансформација, надлежните институции треба да обезбедат дека национално донесените политики, планови и дигитални решенија се пренесуваат и применуваат на локално ниво, преку вклучување на општините, Министерството за локална самоуправа и/или ЗЕЛС. Ова е важно за да се избегне ситуација во која реформите се формално усвоени на национално ниво, но остануваат недоволно разбрани, непренесени или неспроведени во општините.

Funded by the European Union

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS WESTERN BALKANS

Reform Monitor

**Препораки за област: Фундаментални вредности и владеење на правото**

1. Министерството за правда редовно да ги следи ефектите на реформите врз ефикасноста, независноста и довербата во правосудниот систем со цел видливи и одржливи резултати во пракса.

2. Судскиот совет да ја зајакне транспарентноста и отчетноста преку подготовка на подетални аналитички годишни извештаи кои јасно ќе ги прикажуваат утврдените проблеми, преземените мерки и постигнатите резултати со активно вклучување на граѓанскиот сектор, академската јавност и експертите.

3. Министерството за правда, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители да подготват реална и сеопфатна проценка на кадровските потреби во правосудниот систем, со посебен фокус на судовите и обвинителствата надвор од Скопје, со цел пополнувањето на работните места за судии, јавни обвинители и стручни службеници да се планира според реалните потреби.

4. Министерството за правда и Академијата за судии и јавни обвинители да ја забрзаат реформата на Академијата преку донесување на нов закон и унапредување на моделот на обука, со фокус на практична подготовка, менторство и јасен професионален развој на новите судии и јавни обвинители со цел долгорочно да се одговори на недостигот на кадар во правосудниот систем.

5. Министерството за правда и Министерството за финансии да го подобрат финансиското планирање преку буџетски проекции со јасно утврдени приоритети и подобри административни капацитети за ефикасно користење на средства, односно алоцирање на утврдените буџетски проекции со цел ефикасно спроведување на планираните реформи и функционирањето на правосудниот систем.

6. Министерството за правда да обезбеди континуирано следење на причините за ниската доверба и одливот на квалитетен кадар со продолжување на напорите за активно вклучување на граѓанскиот сектор и овозможување на јавна дебата, со цел суштински ефект на реформскиот процес.

TEN Think for Europe Network | European Policy Institute, Skopje | European Policy Centre | institut alternativa | IDM Institute for Democracy and Mediation | Transparency International Bosnia and Herzegovina | Group for Legal and Political Studies

7. Судскиот совет и Советот на јавните обвинители да ја зајакнат довербата во правосудството преку поголема отчетност, редовна и разбирлива јавна комуникација со засегнатите чинители за преземените мерки и постигнатите резултати во реформскиот процес.

**Општи препораки за спроведувањето на Реформската агенда 2024-2027:**

1. Надлежните институции да воспостават јасен механизам за јавно прикажување на процесот на активностите кои ги превземаат за спроведување на реформите, кој покрај формалното усвојување закони, подзаконски акти, стратегии, планови и други документи, ќе се фокусира и на практичните резултати, консултативниот процес, ефектите и влијанието врз граѓаните, бизнис секторот, институциите и другите засегнати страни. Во таа насока, институциите треба да ја зајакнат транспарентноста преку навремено објавување на релевантните документи и информации на нивните веб-страници, а со тоа да обезбедат и нивна достапност за пошироката јавност. Информациите треба да бидат претставени на пристапен и разбирлив начин, со едноставен јазик, визуелни алатки и јасни показатели за статусот на реформските чекори, вклучително и за мерките кои се во грејс период.

2. Министерството за европски прашања и другите надлежни институции, целосно да ја операционализира најавената дигитална платформа за следење и известување за Инструментот за реформи и раст (ИРР), преку нејзина јавна достапност со цел олеснување на следењето и напредокот во реформскиот процес. Платформата треба да биде институционално неутрална, одржлива и функционална, со можност за двонасочна комуникација со засегнатите страни. Министерството за европски прашања треба да ја има координативната улога и да обезбеди точност и интегритет на содржината, со јасно утврдени одговорности на ресорните министерства.

3. Јавниот портал за Реформската агенда треба да биде директно поврзан со спроведувањето на Планот за комуникација и видливост на Планот за раст за Западен Балкан и Реформската агенда 2024–2027. Порталот не треба да се третира само како информативна алатка, туку како централен инструмент за спроведување на комуникациските активности, вклучително и информирање на целните групи,

пренесување на клучните пораки, користење соодветни канали и следење на временската рамка за комуникација.

4. Министерството за европски прашања, во координација со надлежните министерства, да воспостави јавно достапен механизам за следење на реформските чекори, со јасни индикатори, рокови и статус на реализација. Механизмот треба да овозможи континуирано следење од граѓаните, граѓанските организации и другите засегнати чинители и да биде достапен преку веб-страниците на институциите или преку централната дигитална платформа за Реформската агенда.

5. Ко-претседавачите со Комитетот за следење на ИРР да обезбедат суштинско учество на граѓанските организации преку овозможување на статус на членови во комитетот, навремен и транспарентен избор на претставници од граѓанскиот сектор, навремен пристап до потребните документи/материјали пред и по состаноците, како и јасен и разбирлив процес за разгледување и вклучување на предлозите од засегнатите страни во одлуките.

6. Надлежните институции да обезбедат суштинско наспроти формално вклучување на граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, локалните власти, академската јавност и другите засегнати страни во сите фази на реформскиот процес, преку навремени и транспарентни консултации на платформата ЕНЕР, активно вклучување во работни групи/јавни дебати, како и користење на други механизми за јавни консултации, прибирање предлози и земање во предвид на истите. Редовно да прибираат повратни информации од засегнатите чинители за сеопфатно и суштинско следење на реформите, нивна практична примена и навремено утврдување на потребата од дополнителни корективни мерки.

7. Министерството за европски прашања, Министерството за финансии и другите надлежни институции да обезбедат добро планирање на спроведувањето на реформите фокусирајќи се кон чекорите во грејс период, со јасно утврдени рокови, механизми за следење и суштински консултативен процес со граѓанските организации, академската заедница, бизнис заедницата и други засегнати чинители. Покрај тоа, институциите треба јавно да ги идентификуваат и комуницираат ризиците кои можат да доведат до доцнење во исполнувањето на реформските обврски.

8. Да се подобри меѓуинституционалната координација, особено кај реформите кои се под надлежност на повеќе институции и бараат заеднички напори за целосно исполнување на истите. Воедно, потребно е да се подобри поврзаноста меѓу националното и локалното ниво преку редовно споделување на планови и мерки со општините, како и следење на нивната примена на локално ниво.

9. Министерството за европски прашања, во соработка со Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС, општините и надлежните институции, да воспостави механизам за поврзување на националното планирање за спроведување на реформите, со спроведувањето на локално ниво. Механизмот треба да обезбеди редовна размена на информации, прибирање повратни податоци од локално ниво и следење на практичната примена на реформските мерки во општините, вклучително и преку назначување локални контакт-точки или вклучување стручни лица според јасни и транспарентни критериуми.